РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ**

**Нови регулирани цени и тарифи на топлинска енергија со примена од 1 август 2017 година**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, денес, 28 јули 2017 година, одржа подготвителна седница на која се разгледуваа предлог одлуките за определување на регулиран максимален приход и тарифи за енергетските дејности производство на топлинска енергија, дистрибуција на топлинска енергија и снабдување со топлинска енергија за регулираните енергетски компании Производство на топлина БЕ ДООЕЛ Скопје, Дистрибуција на топлина БЕ ДООЕЛ Скопје, Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ Скопје, ЕЛЕМ Енергетика АД ЕЛЕМ Скопје – Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје и СКОПЈЕ СЕВЕР АД – Скопје.

Како резиме од предложените одлуки произлегува следното:

Кај компаниите од групацијата БЕГ, преку кои се снабдуваат повеќе од 47.000 активни потрошувачи, односно најголем број на потрошувачи кои се поврзани со системот за централно греење во градот Скопје, годишниот надоместок за топлинска енергија, за просечен потрошувач од сите категории на потрошувачи (домаќинства, образование и останати) се намалува за 2,75%.

Со оваа одлука продолжува трендот на намалување на цената на топлинската енергија за потрошувачите приклучени на системот за централно греење кој го управува групацијата БЕГ, односно од 2013 година до сега цената за домаќинства е кумулативно намалена за 31,32%, кај категоријата образование кумулативното намалување е најголемо и изнесува 65,66%, додека кај категоријата останати, исто така има високо кумулативно намалување на цената на топлинската енергија за 51,92%.

Во однос на тарифите за крајните потрошувачи кои ќе се применуваат од 1 август 2017 година, тарифата за топлинска енергија, за категориите домаќинства и образование изнесува 1,8498 ден/kWh, што претставува намалување за 3,88% споредено со досегашната тарифа, додека кај категоријата останати тарифата за топлинска енергија изнесува 2,5898 ден/kWh, што исто така претставува намалување за 3,88%.

Со предлог одлуките се намалува и тарифата за ангажирана топлинска моќност. Кај категориите домаќинства и образование истата изнесува 1.091,1181 ден/kW/годишно, односно е за 0,18% пониска од досегашната тарифа за ангажирана топлинска моќност. Кај категоријата останати, таа изнесува 1.426,7653 ден/kW/годишно или исто намалување за 0,18%.

Групацијата БЕГ продолжува со активностите за зголемување на ефикасноста на системот, особено во обновување и проширување на дистрибутивната мрежа, со што се очекува да се добие значително зголемена ефикасност и намалување на загубите во системот за дистрибуција на топлинска енергија.

Во однос на предлог одлуката која се однесува на ЕЛЕМ Енергетика, тарифата за топлинска енергија за домаќинства изнесува 1,7633 ден/kWh, за образование 2,2923 ден/kWh и за категоријата останати изнесува 2,9976 ден/kWh. Во однос на тарифата за ангажирана моќност, кај домаќинства изнесува 1.106,6306 ден/kW/годишно, кај образование 1.438,6198 ден/kW/годишно, додека кај категоријата останати изнесува 1.881,2720 ден/kW/годишно. За домаќинствата кај кои надоместокот за топлинска енергија се наплаќа по м$^2$, цената изнесува 35,01 ден/м$^2$. Севкупно земено, во просек кај сите категории на потрошувачи има намалување на надоместокот за топлинска енергија за 0,11% споредено со досегашните цени и тарифи.

Кај Скопје Север, со предлог одлуката тарифата за топлинска енергија за домаќинства изнесува 2,2148 ден/kWh, додека за останати е 4,2196 ден/kWh. Во однос на тарифата за ангажирана моќност, кај домаќинства изнесува 1.001,6049 ден/kW/годишно, додека за останатите потрошувачи е 1.908,2577 ден/kW/годишно. Во просек потрошувачите приклучени на системот на СКОПЈЕ СЕВЕР ќе добијат пониски сметки за 1,69%.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА**